**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љубоша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници, ја отворам Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Илинка Митрева, Али Ахмети, Рафис Алити, Зумрете Јакупи, Љубчо Георгиевски и Ѓорѓи Оровчанец ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притисмене едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за избор на член на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа на денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. **Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање,

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 63 гласале за, воздржани двајца, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред - Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија.

Предлогот за избор ви е доставен.

Собранието избира член на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот и Иво Ивановски да биде избран за член на Владата на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

За збор се јави Никола Груевски, премиер на Владата на Република Македонија.

**Никола Груевски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Денес на дневен ред е изборот на новиот министер без ресор во Владата на Република Македонија, кој ќе биде задолжен за информатичко општество.

Би сакал во оваа прилика да истакнам неколку аргументи кои ќе одат во прилог на оправданоста на неговиот избор и корист што ќе има Република Македонија од неговата работа.

Владата на Република Македонија во својата Владина програма предвидува реализација на низа на проекти кои одат во насока на подигање на нивото на присуство на информатичката технологија и градењето на информатичко општество, кои се на многу ниско ниво на развој и застапеност меѓу македонските граѓани.

Постоењето на министер без ресор кој ќе биде задолжен за оваа проблематика, значително ќе ја олесни реализацијата на овие проекти, координацијата при нивното имплементирање, што во крајна линија оди во прилог на значително забрзување на целиот овој процес.

Имплементацијата на овие проекти и развојот на овој Сектор, ќе и помогнат на Република Македонија во постигнувањето на поголема ефикасност и транспарентност во раководењето на јавниот сектор, како и во отворањето на нови можности за деловно работење и обезбедување на услуги за македонските граѓани.

Една од нашите цели е исто така, да се даде поттик на користењето на информатичко комуникациската технологија, да се спроведе соодветна едукација и таа да се приближи до сите делов на земјата, до сите граѓани подеднакво.

Владата на Република Македонија е решена напорно да работи, со цел да продуцираме брзи резултати во оваа област и безрезервно ќе дадеме поддршка за развојот на овој сектор. Тоа е наша стратешка определба. При тоа, би сакал да акцентирам дека ние останување отворени за нови идеи и иницијативи во оваа насока.

Свесен сум дека досега многу малку е направено во оваа сфера. Знам дека состојбите со информатичко-комуникациската технологија се далеку под задоволителното ниво. Но исто така, убеден сум во решителноста на Владата да направи коренити промени, со цел во најбрзо можно време да ги надминеме ваквите состојби.

Владата на Република Македонија ја согледува потребата од итно и континуирано вложување во информатиката и информатичката технологија, со цел, Македонија и нејзините граѓани што побрзо да фатат приклучок со модерните информатички технологии во Европа и во светот. Без нивното познавање, без умеењето да се ракува со компјутер и да се користи интернет, денес тешко е да се замисли започнувањето на било каква работа или бизнис.

Работењето на министер без ресор, кој ќе биде задолжен за оваа проблематика, ќе ни даде значително олеснување во оваа наша заложба.

Затоа, Владата на Република Македонија има намера да спроведе низа конкретни мерки и чекори.

Првиот и најсуштинскиот чекор во оваа насока е денешниот избор на министер без ресор, задолжен за информатички технологии.

Овој чекор го повлекуваме, одкога загубивме два месеца во колебање на опозицијата да даде поддршка на закон, со кој би се основало ново министерство, министерство за информатичко општество и напоменуваме, доколку во иднина ја добиеме таа поддршка, ова место на министер без ресор ќе се укине и министерот ќе премине како министер на министерството за информатичко општество.

Понатаму, Владата планира да обезбеди финансиска поддршка за создавање информатички кадар, компјутеризација на државата и организација на масовни обуки за работа со компјутери. Тука треба да се спомне и воведувањето на задолжителен предмет по информатика во основното образование и целосна компјутеризација во училиштата и изучување на предметите преку компјутер.

Нашата определба е информатичката технологија широко да навлезе во сите пори на современиот начин на живеење на македонскиот граѓанин.

Во контекст на мерките што ги превзема Владата за создавањена информатичко општество е една од областите на кои посветуваме особено внимание. Во оваа насока е секако, образованието.

За таа цел, ќе го воведеме задолжителното изучување на предметот инфорамтика, а го спроведуваме и проектот компјутер за секое дете, за кој ќе одвоиме околу 20.000.000 евра во повеќе етапи.

Со овој проект, ќе се набават најмалку 150.000 компјутери за основците и средношколците, што ќе биде проследено со бесплатни обуки и интернет, како и финансиска поддршка за 5.000 студенти, што ќе студираат информатика на некои од факултетите во земјата.

Тука би сакал да ја спомнам и иницијативата за отворање на приватен факултет по информатика, како и кадровското и финансиско зајакнување на отсекот за информатика на Електро техничкиот факултет во Скопје и другите факултети, како и Природно математичкиот факлутет и сите образовни установи каде што се формира ваков кадар.

Понатаму, значајни проекти кои ќе придонесат за општото подобрување на состојбата во нашата држава, а поврзани со развојот на информатичката технологија, се поврзувањето на сите гранични премини на Република Македонија во централизиран информациски систем, конпактибилен во системот на Европската Унија. Овој проект исто така оди во насока на нашата заложба за укинување на визниот режим на Европската Унија кон Македонија. Тука е реализацијата на интегриран медицински информатички систем и воведување на електронска платежна картичка, како составен дел од вкупните реформи во здравството. Планирано е поставување на компјутерски систем за следење на документите во судството, како и реализацијата на проектот лични документи за 30 минути, што подразбира компјутеризација за издавање на личните документи во Министерството за внатрешни работи. Новината која е предвидена во Катастарот е неговата дигитализација и употреба на географско информативен систем, а ќе биде извршена и промоција на безготовинското плаќање, односно воведување на информатичка трговија.

И понатаму работиме на целосна имплементација на проектот информатичка Влада. Овој проект има за цел да ја олесни комуникацијата меѓу власта и граѓаните. Да ги направат власта и администрацијата поодговорни и поефикасни. Со тоа и правата на граѓаните ќе се остварат на ефикасен начин. Тоа ќе ни помогне и нам да бидеме поблиску до граѓаните, да сознаеме што треба да биде подобро, побрзо, полесно за извршувањето на нашата работа и обврски.

Земајќи го предвид фактот дека користењето на интернет во нашата држава е на многу ниско ниво, ќе превземеме низа активности со цел зголемување на процентот на граѓани кои се корисници на интернет. Некои од мерките во таа насока се намалувањето на цените и зголемување на квалитетот на интернет врските, преку зголемување на конкуренцијата во дејноста, реализацијата на времена бесплатна безична интернет врска за сите корисници на територијата на целата држава во смисла на зголемување на активноста и чувствување на корисноста од интернетот, како и стимулирањето на конкуренцијата и работата на кабелските оператори.

Министерот без ресор задолжен за информатички технологии значително ќе ни биде од корист и во однос на комуникацијаат и привлекувањето во земјата на светски познати компании кои се лидери во комуникациската и информатичка технологија и ќе ги стимулира истите да отвораат свои филијали и да инвестираат во нашата држава.

Позитивните ефекти од изгласувањето на денешниот предлог се мултидимензионални. Тоа ќе доведе до подобрување на целокупните состојби во нашата држава поврзани со оваа сфера, како што се здравствените услуги, ќе се подигне нивото на безбедноста во земјата, ефикасноста на администрацијата, судството, катастарот и голем број на области, со кои граѓаните секојдневно се среќаваат.

Затоа, почитувани пратеници, објаснувајќи ги овие работи и овие аргументи, имајќи ја пред вас биографијата на министерот кој доаѓа после 11 години од Колумбус, САД каде што е вработен

како ИТ Менаџер на Секторот за ИТ компанијата Пласколајт Инкорпорејтед, нејголема приватна компанија за производства на пластика во Америка, задолжен за формирање на Буџетот, ИТ архитектурата, тренинг и развој на вработени во ИТ Департманот, имплементирање на нови хардвер и софтвер системи, одржување на ВПН инфраструктурата помеѓу четирите фабрики во САД што ги поседува Пласколајд Инк, како и многубројни секојдневни обврски и одговорности што ги има во сферата нанеговото работење.

Давајки ја оваа биографија пред вас и аргументи со кои настапуваме, ја бараме вашата подршка на денешниов предлог за избор на нов министер без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за информатичко општество. Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги пратеници, претседател на Владата, почитувани претставници на Владата,

Дозволете ми најнапред, во името на вистината да ја информирам македонската јавност дека почетокот на оваа седница беше пролонгиран половина час заради тоа што парламентарното мнозинство не беше во состојба да обезбеди кворум за почеток на оваа седница.

Да ги демантирам континуираните обвинувања дека најголемите кочничари на реформите и дебатите во Собранието се претставниците на парламентарната опозиција, заради тоа што, очигледно и во овој случај,како и во претходни други, тоа не е така.

Денеска сме исправени пред уште еден прелдог за избор на член на Владата на Република Македонија кој, во барањето за свикување на итна седница од страна на претседателот на Владата на 27 ноември и нејзиното закажување на 1 декември оваа година беше одложено без никакво образложение. И, да бидам искрена бев убедена дека ваквото одложување на точката можеби е заради тоа што претседателот на Владата се предомислил и одлучил да не ја зголемува и онака една од најбројните Влади, можеби во Европа, тоа е македонската Влада. И покрај тоа што буџетските средства со кои што располага Република Македонија се далеку неспоредливи, далеку пониски во однос на другите влади.

Кога сме преземале, како држава, обврска за одредени реформи, вклучително реформи и во јавната админситрација и нејзино намалување, со цел да биде поефикасно од една страна, а од друга страна не толку голема, сметам дека од една страна е несериозно претседателот на Владата да инсистира на гломазна влада од 21 министер, а истовремено Влада што во Европа иманајголем број на министри без ресори.

Меѓутоа, за жал тоа не било така. Повторно имаме предлог за минситер без ресор. Јас му благодарам на претседателот на Владата што ги разреши нашите дилеми, со оглед на тоа што нема никакво образложение во пишаниот допис и предлог од страна на Владата за што би бил задолжен овој министер. Да се фокусирам и во еден дел на излагањето на претседателот на Владата.

Мислам дека нема да најдете пратеник или член на СДСМ кој ќе ви каже дека е против развојот на информатичкото општество во Република Македонија. Доколку тоа беше така немаше нашите напори во претходниот мандат, меѓу другото, да бидат фокусирани и на подготовка на националната стратегија за развој на информатичкото општество. Меѓутоа, ова само за информирање на јавноста, таа стратегија не ја правеше СДС. Таа стратегија ја правеа експерти, без разликана нивната политичка определба, меѓутоа вклучително и стручњаци и претставници на сите политички партии. Таа Стратегија беше сувоена со консензус од сите политички партии во ова Собрание на Република Македонија.

Затоа, господине претседателе на Владата, кога ќе викате на итно и континуирано вложување на информатиката и информатичката технологија, очекувам од вас прво да го респектирате тоа што е направено во минатото, а второ, да обезбедите континуитет на таа политика. Континуитет на таа политика би било, до колку веќе сте ја пдоржале Стратегијата за развој на информатичко општество, тогаш да преминете и на нејзината имплементација. А, во таа Стратегија стои дека Република Македонија ќе формиа агенција за развој на инфорамтичкото општество.

И, не знам како поинаку да кажам, да ви објаснам дека единствено од тие причини, заради тоа што сметавме дека кога една Стратегија е донесена со консензус од сите политички партии и тоа оди во прилог на нејзина имплементација, без разлика кои политички партии го сочинуваат парламентарното мнозинство, да очекуваме таа Стратегија да биде имплементирана и дека е нормално, во тој случај да не прифаќаме минситерство за информатичка технологија, заради тоа што сметаме дека тоа е спротивно на ставот на сите парламентарни партии и во претходниот и во овој состав.

На страна фактот што изнесовте еден добар дел од работи што се веќе направени, како на пример задолжителен предмет инфорамтика, што е веќе де факто ситуација. Покрај образложувањата што ги дадовте за корисноста на работењето на госпдинот Ивановски, како иден минситер без ресор, мислам дека на граѓаните на Република Македонија им должите уште едно, многу важно објаснување, што, да бидам искрена, се надевав дека ќе биде дел од вашиот предлог и вашето образложение зошто би требале денеска да го гласаме господинот Ивановски како нов минситер без ресор.

Колку ќе чини господинот Ивановски, како нов минситер без ресор во Владата на Република Македонија?

Ние сме соочени со предлог од Владата на избрание и именуваните функционери, кај буџетските корисници од централната власт, покрај на господинот Веле Самак, на господинот Ташковиќ, по изгласувањето на господинот Ивановски, значи вклучително и на господинот Ивановски, со оглед ан тоа што пред нивниот избор или именување имале живеалиште или престојувалиште во странство и биле на работа во странство, од денот на нивното именување, заклучно со денот на нивното разрешување Владата предлага да им следува надоместок за трошоци за надоместок за одржување на нивниот имот во странство. И вие им должите објаснување на македонските граѓани колку средства граѓаните на Република Македонија ќе одвојуваат и ќе плаќаат овие три министри, засега 3, не знаеме во иднина дали ќе бидат повеќе, овие три министри, на овие тројца министри ќе им биде потребно да ги подмируваат своите трошоци за одржување на нивниот имот во  странство.

Јас прашувам дали и претходните министри и господинот Ивановски како предлог сега е свесен за која плата ќе работи како минситер во Владата и, до колку е тоа така, се нафатил покрај привилегиите и одговорностите да работи за платата за која што работат и останатите министри во Владата и да ги сноси и  ризиците што таа функција ги носи. Еден од тие ризици е одржувањето на неговиот имот во странство, вклучително одржувањето на имотите во страснтво на претходните два министри кои се веќе избрани.

Јас очекувам, со оглед на тоа што знам дека и министерот за финансии не можеше да ми даде одговор на тоа прашање на Комисијата за образование наука и спорт, со оглед на тоа што министерот Трајко Славески не сакаше да даде одговор кога расправавме за Буџетот и покрај тоа што ова има директни импликации во ставките во Буџетот, очекувам од вас да одговорите колку ќе ја чини Македонија дополнително изборот на овој минситер без ресор, колку граѓаните на Република Македонија ќе треба да двојат од своите средства за да ги подмират трошоците за одржување на нивниот имот во странство.

Заради сите овие причини што ги напомнав, СДСМ нема да го подржи овој предлог на Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики? (Нема)

Збор има Спасеновски Александар, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван премиеру, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, дами и господо,

Владата на Република Македонија, како што се сеќаваме, на почетокот на октомври до Собранието поднесе Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на Државната управа. Како што добро знаеме, смислата на ваквите измени се исцрпуваше во намерата за формриање на министерство за информатичко општество, како дел од заложбите на владеачките партии искажани за време  на предизборната кампања, за што ја добија и довербата од граѓаните. Меѓутоа, независно од искажаните аргументи и добиената подршка на изборите, дел од пратениците од овој собраниски состав не успеаја во доволна мера да направат разлика помеѓу дневната активност во функција на стекнување поголема подршка меѓу граѓаните и реалните потреби на оваа држава за посериозен, за подинамичен и за поефективен развој на инфорамтичкото општество.

Сепак, наспроти ваквата реалност, знам дека работите мора да се движат напрет, препреките мора да се совладуваат, а ветувањата дадени на изборите мора да се остваруваат. Имено, тука, во последната констатација го гледам и потегот на Владата за именвување на нов министер без ресор, господинот Иво Ивановски кој, меѓу другото би имал обврска да вложи значаен дел од својата професионална енергија, што е неспорна, за да го издигне нивото на инфорамтичката култура во нашата држава.

Почитувани,

Апсолутна е согласноста помеѓу научната, општествената и политичката јавност дека степенот на развојот на инфорамтичката култура во нашата држава е на сосема ниско ниво. Во таа смисла, сметам дека ваквите негативни состојби во голема мерка имаат и негативен одраз врз повеќе сегменти од општеството. Имено, знаеме дека растот на екномијата во голема мера е резултат на образовната компетитивност на нациите односно на државите. Знаеме и дека намалувањето на невработеноста и зголемувањето  на конкурентноста на нашите кадри на европскиот пазар на труд, меѓу другото е детерминирано и од степенот на нивната информатичка образованост.

Меѓутоа, исто така знаеме дека состојбите во нашата држава на овој план не се воопшто розови. Македонските граѓани, заради различни причини, изминативе годинине успјаа во доволна мера да се приспособат на современите информатички трендови. Со тоа, во значајна мера се придонесе за стагнирање на нивото на вработувањата, стагнација во развојот на економијата и секако намален интерес на странските инвеститори за вложување во нашата држава.

Во оваа насока, дозволете ми да изложам неколку подоатови што претставуваат најдобар сведок за состојбите во Република Македонија на овој план.

Имено, според податоците на познатиот шветски институт  “Улоф Палме”, во текот на 2005 година спроведе истражување за степенот на развојот на инфорамтичката култура кај Балканските држави. Во сумирана форма изложено, Македонија, заедно со Босна и Херцеговина се двете држави

кои го заземаат последното место, според бројот на корисници на интернет, според бројот на поседување сметачи, односно компјутери. Ако сакате со бројки, во Словенија, да речеме, во 2005 година имало 55% корисници или 1 милијон и 80 илјади корисници на интернет, додека 90% од населението изјавило дека поседува сметач, односно компјутер. Во Хрватска, истата година, бројот на корисници на интернет изнесува 1 милијон и 200 илјади,односно 34,4%, додека 74% од граѓаните на оваа држава изјавиле дека поседуваат сметачи. Во Србија пак, 8% од населението редовно пристапува на интернет, додека 75% од истото изјавило дека користи сметач односно компјутер. Во Романија, во 2005 година бројот на корисници на интернет изнесувал околу 4 милијони, што претставува дури 20% од вкупната бројка на населението, додека дури 80% од граѓаните на оваа држава изјавиле дека поседуваат компјутер. Повеќе или помалку ситуацијата е иста и вососедна Бугарија. Според резултатите од спомантото истражување, во оваа држава околу 20% од населението користи интернет, а околу 70% поседува компјутери.

Единствено Република Македонија и Босна и Херцеговина во значајна мера заостануваат зад Балканските држави. Кај нас, околу 6% од населението во 2005 година изјавило дека редовно пристапува на интернет, додека 60% изјавиле дека поседува сметач, односно компјутер.

Почитувани,

Ваквата реалност, според мене, упатува на неколку суштински заклучоци:

Прво, пенетрацијата на интернет и поседувањето сметач се двата најзначајни индикатори што го определуваат степенот на информатичкиот развој на секое општество, оттаму и на македонското.

Второ, граѓаните на Република Македонија, во однос на пенетрацијата на интернет и поседувањето компјутери неспоредливо многу заостануваат во однос на граѓаните од останатите Балкански држави.

Трето, натамошното зголемување на конкурентноста на Република Македонија во очите на странските инвеститори е детерминирана и од развојот на инфорамтичкото општество. Во таа смисла и конкурентноста на младата македонска интелигенција на евроспкиот и светскиот пазар на труд, исто така е детерминирано од степенот на инфорамтичкото знаење што, како што гледаме, е на сосема незавидно ниво.

Конечно, имајќи ја предвид насоката во која се движи светот низ призма на развојот и се поголемото користење на интернет и на компјутерите, државата има обврска да вложи голем дел од својата креативна енергија за да го помогне развојот на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници,

Република Македонија има насушна потреба за координирана Владина акција за развој на информатичкото општество, бидејќи состојбите се очајни, а светот оди напред. Нам ни е потребна ваква институционална координираност, се до моментот додека не успееме да им се приближиме на нашите европски пријатели, бидејки добивката што како граѓани, како општество ќе ја имаме е неспоредлива со сите невтемелени аргументации и безполесни критики.

Оттаму, јас ќе гласам во прилог на идеата на Владата, господинот Ивановски да биде нов министер во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Топузова Каревска-Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Почитувани коелги пратеници, почитуван премиеру на Република Македонија, почитувани претставници на Владата,

И јас би сакала во неколку минути да го искажам ставот на пратеничката група на ЛДП. На самиот почеток ќе кажам дека навистина во ниту еден случај нашата партија не била против развојот на инфорамтичкото општество и информатичката технологија. Нема да го повторувам она што беше кажано во насока на тоа вокаква ситуација се наоѓа во овој момент Република Македонија, а нашите заложби за развојот на информатичката технологија сме ги покажувале и низ конкретни идеи и иницијативи.

За жал, тука ќе морам да го демантирам премиерот, дека не секогаш, како што тој кажа, биле прифаќани иницијативите и идеите, напротив ЛДП само да ја потсетам македонската јавност и колегите пратеници, имено, кога се говореше за Законот за данок на добивка имавме поднесено три амандмани со кои што амандмани баравме да се воведе повластена стапка на користењето на интернет услугите. Исто така, повластена стапка за персоналните компјутери и апликативниот софтвер. За жал, ова не беше прифатено, иако ние сметавме дека токму тоа претставува системски мерки, што во голема мера ќе придонесе за развојот на инфорамтичкото општество.

Најверојатно дека во тој момент, се немаше слух за ова, Владата во нејзините понатамошни настапи до некаде искажа, можеби и согласност да се движи во оваа насока, односно да го прифати она што го сугерираше ЛДП.

Доколку тоа се оствари навистина ние ќе бидеме задоволни со тоа, ќе биде добро за сите граѓани на Република Македонија, а пред се и за нашата држава.

Не се согласувавме да има ресор за информатичко општество, иако за мене беше неприфалив начинот на премиерот и овој пат ја обвини опозицијата за неконструктивност и мислам дека е време да не бидат толку многу оптоврени со опозицијата, туку да се бават со

решавање на многубројните проблеми кои што ги мачат граѓаните. Тие се власт и тие ја имаат одговорноста за водење на државата.

Од тој аспект сакам да кажам дека со тоа што не се согласувавме да има Министерство за информатичко општество, значи не го направивме тоа затоа што не бевме за развојот на информатичкото општество, за информатичката технологија, туку сметавме дека тоа ќе придонесе и ќе направи уште дополнителни оптоварувања на Буџетот и ќе има финансиски импликации кои што нема да бидат добри за Буџетот на Република Македонија и ќе се трошат непотребно парите на граѓаните. Напротив, сметавме дека тие пари би можеле делумно барем да бидат вложени токму за она за што денес говориме, за развојот на информатичката технологија. Иако, сметаме дека оваа Влада навистина има премногу министри кои немаат одреден ресор, значи 6, од кои што барем за некои знаеме со која проблематика се бават и се одговорни, па сметаме дека треба да постојат. Тука би ја спомнала почитуваната колешка вицепремиер и би сакала да кажам дека останатите 5 министри без ресор до сега и не знаеме со што се занимаваат, затоа што немаме видено ниту една изјава од нив во медиумите, исклучувајќи го едно интервју кое што беше дадено пред извесно време. Мислам дека крајно време е премиерот да даде оттчет што тие министри работат и всушност да даде отчет за сето она колку тие ја чинат Република Македонија. Меѓутоа, се со цел и овој пат да не бидеме обвинети дека ние ги забавуваме реформите во Република Македонија, дека ние сме против развојот на информатичката технологија, иако сметаме дека 6 министри се премногу, а сега бараме уште еден министер без ресор, по долго време размислување во таа насока, ЛДП одлучи да даде поддршка при изборот на министерот и се надеваме дека многу брзо ќе ги видиме резултатите од неговото работење, а не како што беше случај досега со претходно избраните пет министри без ресор, од кои што до сега не видовме ама баш никакви резултати од нивното работење. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Секуловска Мирјана. Повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

На самиот почеток ќе искажам задоволство и поздравување на иницијативата за воведување министер без ресор, со можност и со желба за да се продолжи постапката да прерасне во Министерство за информациони технологи и телекомуникации.

Нашата земја, бидејќи се движи напред и сака да се развива во сите сфери, оттука потребно е ние да се мериме со земјите кои што се развиени и кои што инвестираат во овие технологии и да се повикуваме на нивните движења.

Во контекст на ова сакам да наведам само два аргументи. Имено, околу 70% од општествениот производ САД издвојуваат за инвестиции во информациони технологии и телекомуникации. Понатаму, околу 75% од економските вредности од САД се добиени и одработени на база знаење и информации. Со ова можеме да констатираме дека инвестициите во информационите технологии имаат мултипликативни ефекти и тоа на долг рок. Понатаму, воведувањето на Министерството без ресор за информациони технологии и телекомуникации се од несомнено огромно значење за развојот на сите сегменти во Република Македонија. Можност постои за развој на електронскиот бизнис кој што е од големо значење, бидејќи деловните системи и сите други системи се наоѓаат пред светската конкуренција, пред светскиот пазар, кој што не трпи ништо друго освен влегување на пазарот со квалитет и излегување на пазарот со благовремени, навремени информации за се она што се случува. Не смееме да дозволиме овој процес на информатизација да не се одвива паралелно со сите други процеси. Значи, не смее да има застој на процесот на информатизација како резултат на тоа што имаме некои други процеси, реформи и слично. Паралелно треба да се движи и процесот на информатизација во сите сегменти на човечко дејствување.

Понатаму, нашите деловни системи, претпријатија и компании ќе имаат конкурентна предност, доколку ги имплементираат во своето работење овие информациони технологии и телекомуникации. Истото се однесува и во образованието, во здравството и во сите други институции. Се дава можност да се зголеми продуктивноста на канцелариското работење во сите институции. Според тоа, сметам дека е многу од голема корист за развој на нашата земја и реализирање на многу проекти од оваа сфера, отворањето односно добивањето на нов член на Владата, министер без ресор за информациони технологии и телекомуникации, па оттука целосна поддршка даваме, пратеничката група на Нова социјалдемократска партија и сметаме дека треба да прерасне и ќе се бориме ние и во нашата програма истото го имаме зацртано да постои Министерство за информациони технологии и телекомуникации. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Лалчевска Ристанка. Повелете.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, господа министри.

Развојот на информатичкото општество е сегмент кој мора да биде брз, координиран и сеопфатен. Тоа е сфера во која што Република Македонија исклучително слабо стои. Значи, ние не можеме да фатиме чекор ни со послабо развиените држави, а да не правиме споредба со држави кои се повисоко развиени и со кои ние би сакале да фатиме чекор.

Нема да објаснувам какви се состојбите во сферата на информатичкото општество и развојот на таа технологија, бидејќи на сите ни се добро познати. Прашање е што треба да се стори за да

се фати чекор со светот и со она што значи бенефит на таквата технологија. Не смееме како држава да оставиме развојот на информатичкото општество да оди повеќе или помалку стихијно и инцидентно, потребно е овој процес да се одвива, поттикнува поддржува и планира од државата. Затоа што, само така, под таков патронат на државата можеме да го унапредиме, можеме да го забрзаме и ќе можиме да фатиме чекор со останатите држави. Токму затоа ни е потребно посебно министерство кое ќе го координира ваквиот процес, ќе го унапредува и ќе го развива.

За жал, во моментот немаме легислативна рамка за да основаме такво министерство и затоа ЛП ја поддржува и ќе ја гласа иницијативата на Владата со која се воведува во рамките на сегашната легислатива министер без ресор, кој ќе биде задолжен токму за развој на информатичкото општество.

По однос на кандидатот кој се предлага за да го води овој процес како министер без ресор задолжен за информатичко општество господинот Иво Ивановски, имаме една кратка, јасна и многу прецизна биографија која зборува дека во потполност предложениот господин Ивановски ќе одговори со сите капацитети за да го забрзаме развојот на информатичкото општество во нашата држава. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодрам претседателе.

Почитуван премиер, почитувани министри, јас ќе почнам со една досадна фраза. Навистина, не мислев да се јавам за дискусија. Тоа сите го велиме или пак, еве, кога доаѓав кон Собрание ме сретна еден и ми кажа ова да му го кажеш на премиерот дека не бил во право. Тие се две познати фрази што секој пратеник ги кажува. Навистина не мислев денес да дискутирам и нашето присутво овде беше во функција прво да се обезбеди кворум и да преминеме на посуштински работи. Но, освен што нема трпение кај парламентарното мнозинство со желба да дискутираат за извештајот на Европската комисија, јас сосема накратко сакам во интерес на вистината да укажам на некои работи.

Јас знам кога си потценуваме многу работи во Република Македонија и тоа ни стана национален спорт, се што е во Македонија не чини, се што се случило во изминатите години не чини и треба да почнеме од нула. Јас можам да ве уверам дека можам да се повикам на неколку релевантни институции, дека развојот на информатичката технологија во изминатите четири години беше една од ретките активности без застој. Не треба апсолутно да се потценуваме како држава што е направено во тој сегмент. Република Македонија, а не СДСМ ја доби светската награда во Америка на ИТ компаниите од цел свет за решението на безжичното поврзување МК-ОНЕТ, заеднички проект на УСАИД и македонската компанија ОН-НЕТ. Значи, таму не пишуваше СДСМ дека ја добива наградата, Република Македонија. Потоа како претставник на Република Македонија беше министерот за образование. Тој во тој момент што бил министер не се поврзува со една одредена политичка партија. Тој ја прими наградата како министер за образование. Потоа, Светската компанија Мајкрософт ја даде наградата за најдобро решение во 2005 година на услуги ГОФ-МК, на една македонска компанија како најдобро решение во Фабрик секторот. Тоа треба да не гордее и да се радуваме. Не треба да ги потценуваме тие работи.

Во интерес на вистината да кажам уште нешто. Листата на проекти што ги наведе премиерот Груевски се од Акциониот план на националната стратегија што ова Собрание ги донесе едногласно. Значи сите нив ги пишува во националната стратегија за развој на информатичко општество. И ако денес не сакам да полемизирам со одредени пратеници кои кажуваа некои неточни, од стручен аспект термини, констатации и бројки. Едногласната поддршка што и се даде на таа стратегија е јасен сигнал дека сите ние сме заинтересирани да работиме на оваа сфера и дека за да се решат некои работи не ни треба форма, туку ни треба суштината. Пример, одличната одлука на Владата за комјутер на секој ученик. Тука не ни помогна ниту посебен министер, ниту посебно министерство или посебна просторија. Успешноста на развојот на информатичкото општество се постигнува кога човекот што е задолжен за тоа има голема политичка моќ и има министерска организациона поставеност. Затоа, има многу искуства од европските земји, каде што постои посебен вицепремиер за информатичко општество и реформа на јавната администрација. Тоа се Холандија и Франција. Затоа што, реформата на јавната администрација е тесно поврзана со масовната примена на информатичката поддршка. Јас се надевам дека кандидатот Ивановски, кој се надевам денес парламентарното мнозинство ќе го избере, ќе ги прочита документите кои стојат за реформа на јавната администрација изработени од стручни луѓе во државните институции.

Втора работа, без разлика што беше кажано дека ништо не е направено, ме радува што Владата го користи системот и апликациите што беа изработени во претходниот период. Се надевам дека ќе работи на нивно надградување и унапредување во процесот на работа, односно процесот што постои на владино ниво, ѓе успее да го спушти и да ги покрене сите сектори во рамки на Владата и на Министерството.

Во интерес на вистината во Македонија во изминатиот период свои канцеларии отворија три од четирите најголеми ИТ компании. Тоа се Мајкрософт, Оракал и ХП. Останува да се надеваме дека Владата ќе го донесе четвртиот, а тоа е АИДИЕМ, така што да се докомплетира сликата за ИТ присуството и инвестициите во изминатиов период во ИТ-делот во Република Македонија.

Она што сакам да го нагласам посебно е тоа дека информатичката технологија, незнам колку другите ќе се сложат или не дека е најдобра гранка или најдобар сектор во економијата. Има најголем раст. Затоа, претходната Влада одлучи економијата, ИТ-секторот како гранка да се третира како стратешка гранка во економијата во Република Македонија. Јас се надевам дека таа определба ќе продолжи понатаму, повторно не од формален аспект, туку од суштински аспект. Секако, не можам а да не ја надополнам од аспект на стратегија и на јасен план што го имала во претходниот период, стретегијата за развој на образованието, каде посебен сегмент на ИТ-делот во образованието, со задолжителен предмет информатика, со содржини кои треба да се изработат и да се понудат на учениците и во таа насока многу полесно ќе се одвиваат работите.

Затоа, од аспект на прецизноста и од аспект на тоа дека не мораме само црно да зборуваме за нешто што Република Македонија ја промовирало како успешна земја, да не си фрламе сами или да не си го девалвираме самите, не трудот на некој, тоа е најмалку битно во овој момент, туку сликата за Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Бесим Догани. Повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван премиер, почитувани министри.

Јас ќе бидам многу краток и во име на Пратеничката група на Демократската партија на Албанците ќе ја дадеме нашата силна поддршка за чекорите што ќе ги преземе Владата во насока на подобрување на стандардите во Република Македонија. Силно ја поддржуваме Иницијативата за реформите во образованието, односно иницијативата Еден компјутер за еден ученик. Имајќи ја предвид заостанатоста во Република Македонија во планот на информатичка тхенологија  и имајќи ги предвид светските трендови во оваа област, силно ја поддржуваме оваа иницијатива на Владата.

Нашата пратеничка група ќе ја поддржи оваа иницијатива на Владата.  Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Собранието избира член на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот Иво Ивановски да биде избран за член на Владата на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 75 пратеници, 67 пратеници гласаа за, воздржани нема, против гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека Иво Ивановски е избран за министер без ресор во Владата на Република Македонија.(Аплауз)

Дами и господа пратеници, дозволете ми во ваше и мое име на Иво Ивановски да му го честитам изборот и да му посакам успех во работата.

Го молам министерот да даде свечена изјава.

Ве повикувам да станеме.

Го молам министерот да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

“Изјавувам дека функцијата министер без ресор во Владата на Република Македонија, ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Го молам министерот да ја потпише свечената изјава. (Министерот ја потпишува свечената изјава).

Ја заклучувам Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве повикувам координација во салата Охрид.

(Седницата заврши со работа во 16,40 часот.)